# Упатство за користење на палтформата ClassMarker

Тестот се решава само на компјутер (не користете мобилен телефон за решавање на тестот). Најпрвин вклучете се на Вашата електронска пошта (мејл) и најдете ја пораката од ClassMarker со наслов: „Podatoci za najava…“ :




Потоа влезете во пораката и видете ги податоците за Вашиот профил и лозинка:




Со кликнување на линкот од пораката (линк за најава на платформата, на сликата погоре), ќе се отвори платформата за онлајн тестирање. Во полето username внесете го вашиот профил од пораката, а во полето password внесете ја лозинката од пораката и кликнете на Login:



Ако тестирањето сѐ уште не е закажано, Вашиот профил на платформата за тестирање ќе изгледа вака:




Во предвиденото време за почеток на натпреварот потребно е да ја освежите страницата за да се покаже тестот. Тоа ќе го направите со притискање на копчето F5 на тастатурата или со ознаката Refresh на вашиот прелистувач.

Кога ќе биде достапен тестот, со клик на зеленота ознака „Start“ ќе може да започнете со тестирањето:



Потоа на екранот ќе се појават општи информации во врска со тестот (како на пример: број на прашања, дозволено време за решавање и слично). За да започнете со решавање на тестот кликнете на портокаловата ознака „Start“:




**ТЕСТОТ МОЖЕ ДА ГО РЕШАВАТЕ САМО ЕДНАШ.**

На секое од прашањата во долниот десен агол се појавува ознака „Next“, што значи дека преминувате на наредното прашање и потоа **можете да се вратите** на претходните прашања. Затоа

**ВНИМАВАЈТЕ!**

Кога ќе го одговорите последното прашање, кликнете на полето означено „Finish now“, па потоа на полето „Confirm finish now“ за да го завршите тестот:







**Уште еднаш Ве потсетуваме дека треба да бидете особено внимателни.**

**Ви посакуваме успех на електронски натпревар по Природни науки!**